Комерцијална банка АД
СКОПЈЕ
Примено: 27-09-2024
Орг. Един.: 10-200 | Број: 53766/1 | Прилог: | Вредност:

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ година
Потпис, ______

Врз основа на член 49 и член 54 став (2) од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 27.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Понудата на Комерцијална банка АД Скопје за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола, одобрена со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија број УП1 10-66 од 22.08.2024 година, **СЕ УТВРДУВА ЗА НЕУСПЕШНА.**

2. Комерцијална банка АД Скопје во рок од 12 месеци од издавањето на ова решение не смее да даде нова понуда за преземање и не смее да купува хартии од вредност издадени од Стопанска банка АД Битола на кои се однесувала понудата, доколку тие хартии од вредност ѝ обезбедуваат повеќе од 25% од хартиите од вредност со право на глас.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** преземачот од точка 1 да го објави ова решение на начин како што е објавена понудата за преземање.

4. Жалбата изјавена против ова решение не го одложува неговото извршување.

5. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 12.08.2024 година Комерцијална банка АД Скопје преку својата Дирекција за вршење услуги со хартии од вредност како овластено правно лице за работа со хартии од вредност согласно член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија достави Барање за добивање дозвола за понуда за преземање на акционерското друштво - Стопанска банка АД Битола.

Në pajtim me nenin 49 dhe nenin 54 paragrafi (2) të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë”nr.69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” 31/2020), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 27.9.2024, miratoi këtë

**A K T V E N D I M**

1. Oferta e “Komercijalna Bankës” ShA Shkup, për marrjen në zotërim të aksioneve të emetuara nga “Stopanska Banka” ShA Manastir, e miratuar me Aktvendim të Komisionit të Letrave me Vlerë të Republikës së Maqedonisë së Veriut, numër PA1 10-66, datë 22.8.2024, **VËRTETOHET E PASUKSESSHME.**

2. “Komercijalna Banka” ShA Shkup, brenda 12 muajsh nga lëshimi i këtij Aktvendimi, nuk guxon të japë ofertë të re për marrje në kontroll dhe nuk guxon të blejë letra me vlerë, të emetuara nga “Stopanska Banka” ShA Manastir, të cilave u referohet oferta, përdersa ato letra me vlerë i sigurojnë më shumë se 25% të letrave me vlerë me të drejtë vote.

3. **NGARKOHET** ofruesi nga pika 1 që të publikojë këtë Aktvendim në mënyrë, siç është publikuar oferta për marrje në kontroll.

4. Ankesa e paraqitur kundër këtij Aktvendimi nuk e vonon ekzekutueshmërinë e tij.

5. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**A r s y e t i m**

Më datë 12.08.2024, Komercijalna Banka ShA Shkup përmes Drejtorisë së saj për kryerjen e shërbimeve me letra me vlerë si person i autorizuar juridik për punë me letra me vlerë, në përputhje me nenin 20 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, dorëzoi Kërkesë drejtuar Komisionit të Letrave me Vlerë të Republikës së Maqedonisë së Veriut për fitimin e lejes për ofertë për marrje në kontroll të shoqërisë aksionare – Stopanska Banka ShA Manastir.

Со Решение број УП 10-66 од 22.08.2024 година Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.08.2024 година на Комерцијална банка АД Скопје (во понатамошниот текст: преземач), ѝ издаде дозвола за понуда за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола (во понатамошниот текст: целно друштво). Понудата за преземање дадена од Комерцијална банка АД Скопје се однесува на 390.977 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола, по цена од 3.200 денари по акција. Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

На ден 23.08.2024 година, на преземачот му беше издадено Решението број УП1 10-66 од 22.08.2024 година за давање дозвола за понуда за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола. Истиот ден, односно на 23.08.2024 година преземачот Комерцијална банка АД Скопје се откажа од право на жалба против Решението број УП 10-66 од 22.08.2024 година за давање дозвола за понуда за преземање.

Во натамошниот тек од постапката, на ден 26.08.2024 година, преземачот ја објави понудата за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола во дневниот весник " Слободен печат", а истиот ден односно на ден 26.08.2024 година понудата беше објавена и во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/2024. Понудата за преземање е објавена и на интернет страницата на Македонска Берза АД Скопје заедно со Проспектот. Проспектот за преземање е објавен и на интернет страницата на Комисијата за хартии од вредност и на интернет страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Согласно со Понудата и Проспектот за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање започна да тече на ден 26.08.2024 година, а како ден на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање беше утврден денот 22.09.2024 година.

Me Aktvendim numër PA 10-66, datë 22.08.2024, Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 22.08.2024 i lëshoi leje Komercijalna Bankës ShA Shkup (në tekstin e mëtejmë: ofruesi) për ofertë për marrje në zotërim të aksioneve të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir (në tekstin e mëtejmë: shoqëria e synuar). Oferta për marrje e dhënë nga Komercijalna banka ShA Shkup u referohet 390.977 aksioneve të zakonshme me të drejtë vote të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir, me çmim prej 3.200 denarë për aksion. Afati për pranimin e ofertës për marrje fillon në ditën e publikimit të ofertës për marrje dhe përfundon 28 ditë kalendarike pas fillimit të afatit për pranimin e ofertës për marrje.

Më datë 23.08.2024, ofruesit i është lëshuar Aktvendimi numër PA1 10-66 , datë 22.08.2024 për dhënie të lejes për ofertë për marrje në zotërim të aksioneve të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir. Po të njëjtën ditë, respektivisht më datë 23.08.2024 ofruesi Komercijalna Banka ShA Shkup hoqi dorë nga e drejta e ankesës kundër Aktvendimit numër PA 10-66, datë 22.08.2024 për dhënie të lejes për ofertë për marrje në kontroll.

Në rrjedhën e mëtejmë të procedurës, më datë 26.08.2024 ofruesi e publikoi ofertën për marrje të aksioneve të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir në gazetën ditore "Sloboden peçat", e të njëjtën ditë, respektivisht më datë 26.08.2024 oferta u botua edhe në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 177/2024. Oferta për marrje u publikua edhe në faqen e internetit të Bursës së Maqedonisë ShA Shkup së bashku me Prospektin. Prospekti për marrje është publikuar edhe në faqen e internetit të Komisionit të Letrave me Vlerë dhe në faqen e internetit të Depozitarit Qendror të Letrave me Vlerë ShA Shkup.

Në përputhje me ofertën dhe Prospektin për marrje në kontroll, afati për pranimin e ofertës për marrje filloi të rrjedh më datë 26.08.2024, ndërkaq si ditë e përfundimit të afatit për pranimin e ofertës për marrje në kontroll u përcaktua data 22.09.2024.

На ден 04.09.2024 година, врз основа на член 7 и член 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, органот на управување на Стопанска банка АД Битола објави мислење во врска со понудата за преземање на акции издадени од Стопанска банка АД Битола дадена од Комерцијална банка АД Скопје. Мислењето беше објавено во дневниот весник „Слободен печат", како и во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.187/2024 од 06.09.2024 година. Заедно со Мислењето од органот на управување на банката, а согласно член 32 од Законот, беше објавено и Мислење од претставниците на вработените на Стопанска банка АД Битола.

Më datë 04.09.2024, në bazë të nenit 7 dhe nenit 32 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, organi administrues i Stopanska Bankës ShA Manastir publikoi mendim në lidhje me ofertën për marrje në zotërim të aksioneve të emetuara nga Stopanka banka ShA Manastrir, dhënë nga Komercijalna Banka ShA Shkup. Mendimi ishte i publikuar në gazetën ditore "Sloboden peçat" si dhe në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.187/2024, datë 06.09.2024. Së bashku me Mendimin nga organi administrues i bankës, në përputhje me nenin 32 të Ligjit, u publikua edhe Mendim nga përfaqësuesit e punonjësve të Stopanska banka ShA Manastir.

На ден 04.09.2024 година и 05.09.2024 година, а врз основа на член 37 од Законот за преземање на акционерските друштва, до Комисијата се доставени известувања со изјави од сите членови на органот на управување на Комерцијална банка АД Скопје, во врска со откривање на работи поврзани со хартиите од вредност кои се предмет на Понудата за преземање дадена од Комерцијална банка АД Скопје, како и изјави од Претседателот на Управниот одбор и од членот на Управниот одбор на Стопанска банка АД Битола.

Më datë 04.09.2024 dhe më datë 05.09.2024, në bazë të nenit 37 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, drejtuar Komisionit janë dorëzuar njoftime me deklarata nga të gjithë anëtarët e organit administrues të Komercijalna Bankës ShA Shkup, në lidhje me zbulimin e punëve lidhur me letrat me vlerë të clat janë lëndë e Ofertës për marrje në kontroll, dhënë nga Komercijalna Banka ShA Shkup, si dhe deklarata nga Kryetari i Bordit Drejtues dhe nga anëtari i Bordit Drejtues të Stopanska banka ShA Manastir.

Согласно член 47 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва, преземачот во конкретниот случај Комерцијална банка АД Скопје е должен во рок од три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави известување за нејзиниот исход, а согласно став 3 на овој член, во истиот рок преземачот е должен известувањето за исходот на понудата да го достави до Комисијата, овластениот депозитар и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Në përputhje me nenin 47 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, ofruesi, në rastin konkrret Komercijalna banka ShA Shkup është e obliguar që brenda tre ditësh nga përfundimi i afatit për pranimin e ofertës për marrje, të publikojë njoftim për rezultatin e saj, ndërkaq në përputhje me paragrafin 3 të këtij neni, në të njëjtin afat ofruesi është i obliguar që njoftimin për rezultatin e ofertës t'a dorëzojë deri te Komisioni, depozitari i autorizuar dhe Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës.

Обврската за известување за исходот од понудата за преземање согласно член 47 од Законот, од страна на преземачот е исполнета во целост, во утврдениот рок.

Detyrimi për njoftim për rezultatin nga oferta për marrje në kontroll në përputhje me nenin 47 të Ligjit, nga ana e ofruesit është përmbushur në tërësi, në afatin e përcaktuar.

Имено, на ден 24.09.2024 година, согласно член 47 став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва, преземачот Комерцијална банка АД Скопје, до Комисијата за хартии од вредност достави Известување за исходот на понуда за преземање на акциите издадени од Стопанска банка АД Битола, со кое е дадена изјава дека понудата за преземање на обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола од страна на Комерцијална банка АД Скопје се смета за неуспешна.

Во известувањето се наведува дека Понудата за преземање била прифатена од страна на вкупно 149 сопственици на обични акции со право на глас во Стопанска банка АД Битола, кои поседуваат вкупно 176.154 обични акции што претставува 45,0548% од вкупниот број на издадени акции со право на глас од страна на Стопанска банка АД Битола. Понудата за преземање се однесуваше на сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола. Во понудата за преземање беше определен праг на успешност од 67% плус една акција, односно беше определена најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за истата да се смета за успешна и тоа 261.956 обични акции со право на глас. Со оглед на тоа што прагот на успешност не е постигнат, понудата за преземање на обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола од страна на Комерцијална банка АД Скопје се смета за неуспешна.

На ден 25.09.2024 година до Комисијата за хартии од вредност е доставен и доказ дека преземачот на ден 24.09.2024 година доставил известување за исходот и до Комисијата за заштита на конкуренцијата и до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а согласно член 47 став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, како и доказ дека е уплатен надоместок за издавање на решение за утврдување на успешност односно за исходот на понудата за преземање во износ утврден со Тарифникот на Комисијата.

Gjegjësisht, më datë 24.09.2024, në përputhje me nenin 47 paragrafi 3 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, ofruesi Komercijalna banka ShA Shkup deri te Komisioni i Letrave me Vlerë dorëzoi Njoftim për rezultatin e ofertës për marrje të aksioneve të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir, me të cilin është dhënë deklaratë se oferta për marrjen e aksioneve të zakonshme me të drejtë vote të emetuara nga Stopanska banka ShA Manastir nga ana e Komercijalna Bankës ShA Shkup konsiderohet e pasuksesshme.

Në njoftimin theksohet se Oferta për marrje ka qenë e pranuar nga ana e gjithsej 149 zotëruesve të aksioneve të zakonshme me të drejtë vote në Stopanska banka SHA Manastir, të cilët zotërojnë gjithsej 176.154 aksione të zakonshme, që paraqet 45,0548% e numrit total të aksioneve të emetuara me të drejtë vote nga ana e Stopanska banka SHA Manastir. Oferta për marrje u referohej të gjitha 390.977 aksioneve të zakonshme me të drejtë vote, të emetuara nga Stopanska banka SHA Manastir. Në ofertën për marrje është përcaktuar pragu i suksesshmërisë prej 67% plus një aksion, respektivisht ishte e përcaktuar sasia më e vogël e aksioneve të zakonshme me të drejtë vote cilave u referohej Oferta për marrje që duhet të pranohet në mënyrë që e njëjta të konsiderohet e suksesshme, dhe atë 261.956 aksione të zakonshme me të drejtë vote. Duke pasur parasysh që pragu i suksesshmërisë nuk është arritur, oferta për marrje e aksioneve të zakonshme me të drejtë vote të emetuara nga Stopanska banka SHA Manastir nga ana e Komercijalna banka SHA Shkup konsiderohet e pasuksesshme.

Më datë 25.09.2024 drejtuar Komisionit të Letrave me Vlerë është dorëzuar edhe provë se ofruesi më datë 24.09.2024 ka dorëzuar njoftim për rezultatin dhe deri te Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës dhe deri te Depozitari Qendror i Letrave me Vlerë ShA Shkup, në përputhje me nenin 47 paragrafi 3 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, si dhe provë se është paguar kompensim për lëshimin e Aktvendimit për vërtetimin e suksesshmërisë, respektivisht për rezultatin e ofertës për marrje në shumë të përcaktuar me Tariforen e Komisionit.

Согласно член 47 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва, за исходот на понудата за преземање јавноста е известена од страна на преземачот, преку објава од ден 25.09.2024 година во дневниот весник „ Слободен печат “, а доставен е и доказ дека е ќе биде извршена објава и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Në përputhje me nenin 47 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, për rezultatin e ofertës për marrje publiku është njoftuar nga ana e ofruesit, përmes publikimit më datë 25.09.2024 në gazetën ditore "Sloboden peçat", është dorëzuar edhe provë se do kryhet botim edhe në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

По утврдувањето на напреднаведената состојба, а во согласност со член 49 од Законот за преземање на акционерските друштва, Комисијата за хартии од вредност со Решение ја утврдува успешноста односно исходот на понудата за преземање, најдоцна во рок од три работни дена по приемот на известувањето од член 47 став 3 точка 1 на овој закон.

Pas vërtetimit të gjendjes së sipërpërmendur, në përputhje me nenin 49 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, Komisioni i Letrave me Vlerë me Aktvendim e vërteton suksesshmërinë, respektivisht rezultatin e ofertës për marrje, jo më vonë se brenda tre ditë pune pas pranimit të njoftimit nga neni 47 paragrafi 3 pika 1 e këtij ligji.

Воедно согласно член 54 став (2) од Законот за преземање на акционерските друштва, поради утврдената неуспешност на понудата за преземање, во рок од 12 месеци од издавањето на ова Решение на Комисијата понудувачот не смее да даде нови понуди за преземање и не смее да купува хартии од вредност на кои се однесувала понудата за преземање, доколку тие хартии од вредност, заедно со другите хартии од вредност кои веќе ги има, му обезбедуваат повеќе од 25% од хартиите од вредност кои обезбедуваат право на глас.

Njëherit, në përputhje me nenin 54 paragrafi (2) i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, për shkak të pasuksesshmërisë së vërtetuar të ofertës për marrje, brenda 12 muajsh nga lëshimi i këtij Aktvendimi të Komisionit, ofruesi nuk guxon të jep oferta të reja për marrje dhe nuk guxon të blejë letra me vlerë të cilave u është referuar oferta për marrje, përderisa këto letra me vlerë, së bashku me letrat me vlerë të tjera të cilat tashmë i ka, i sigurojnë më shumë se 25% të letrave me vlerë që sigurojnë të drejtë vote.

По утврдувањето на напреднаведената состојба, а во согласност со член 49 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва, Комисијата за хартии од вредност со Решение ја утврдува успешноста на понудата за преземање, најдоцна во рок од три работни дена по приемот на известувањето од член 47 став 3 точка 1 на овој закон.

Pas vërtetimit të gjendjes së sipërpërmendur, në përputhje me nenin 49 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, Komisioni i Letrave me Vlerë me Aktvendim e vërteton sukseshmërinë e ofertës për marrje, jo më vonë se brenda tre ditë pune pas pranimit të njoftimit nga neni 47 paragrafi 3 pika 1 e këtij ligji.

Во согласност со член 49 став 2 од Законот за преземање на акционерските друштва, донесеното решение за утврдување на успешност на понудата за преземање, Комисијата ќе го достави до преземачот, целното друштво, овластениот депозитар и овластената берза, а согласно ставот 3 на овој член преземачот ова решение на Комисијата е должен да го објави на начин како што е објавена понудата за преземање.

Në përputhje me nenin 49 paragrafi 2 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, Aktvendimin e miratuar për vërtetimin e suksesshmërisë së ofertës për marrje, Komision do e dorëzojë deri te ofruesi, shoqëria e synuar, depozitari i autorizuar dhe bursa e autorizuar, ndërsa në përputhje me paragrafin 3 të këtij neni, ofruesi këtë Aktvendim të Komisionit ka për obligim që ta publikojë në mënyrë siç është publikuar oferta për marrje.

Имајќи го предвид напреднаведеното, Комисијата за хартии од вредност врз основа на член 49 и член 54 од Законот за преземање на акционерските друштва одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Duke pasur parasysh të sipërpërmendurën, Komisioni i Letrave me Vlerë në bazë të nenit 49 dhe nenit 54 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare vendosi si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij Aktvendimi mund të parashtrohet ankesë drejtuar Komisionit Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë nga Marrëdhënia e Punës në Shkallë të Dytë brenda 15 ditë pune nga dita e pranimit të së njëjtit.

**УП 1 Број/ PA 1 Numër 10-66**
**Скопје/Shkup, 27.09.2024 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Претседател/Kryetarja**
**Mr.Sc. Nora Aliti**